МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5384/2
03.11.2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

| Примено: | 14. 11. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2624/12 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/2003, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за изменување на Решението за изменување на дел од наставните програми за средното образование во делот на нормативот за наставен кадар

1. Со ова Решение се менува Решението бр. 19-2084/1 од 01.03.2012 година со кое се менуваат дел од наставните програми за средното (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование во делот на нормативот за наставниот кадар.

2.Во Решението зборовите:

„**Норматив за наставен кадар по македонски јазик и литература за учениците од другите заедници за средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование:**

Настава по македонски јазик и литература за учениците од другите заедници за средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование може да изведува лице кое завршило:

Филолошки (порано Филозофски) факултет:

- студиска група за општа и компаративна книжевност-наставна насока,
- студиска група за општа и компаративна книжевност-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет."

се заменуваат со зборовите:

„**Дополнување на Нормативот за наставен кадар по македонски јазик и литература, како и по македонски јазик за учениците од другите заедници за средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование:**

Настава по македонски јазик и литература, како и по македонски јазик за учениците од другите заедници за средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование може да изведува и лице кое завршило:

Филолошки (порано Филозофски) факултет:

- студиска група за општа и компаративна книжевност-наставна насока,

- студиска група за општа и компаративна книжевност-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет."

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/2003, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12) наставните плановити програми за јавните училишта ги предлага Биро за развој на образованието, а ги донесува министерот за образование и наука.

Согласно член 21 став 1 со наставните планови и наставните програми се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот што ја реализира наставата.

Согласно Записникот од работната група за изменување на нормативот за наставниот кадар во основното и средното образование бр. 02-4888/1 од 1.12.2011 година Бирото за развој на образованието предлага измени на наставните програми во делот на нормативот за наставниот кадар во средно (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование. Врз основа на Записникот е донесено Решение бр. 19-2084/1 од 01.03.2012 година со кое се менуваат дел од наставните програми за средното (гимназиско, средно стручно и средно уметничко) образование во делот на нормативот за наставниот кадар. Со допис бр. 07-2624/1 од 1.10.2012 година Бирото за развој на образованието констатира техничка грешка и бара изменување на Решение бр. 19-2084/1 од 01.03.2012 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
м-р Панче Кралев

Доставено до:
-Сектор за основно и средно образование
-Бирото за развој на образованието
-архива

Изготвил/проверил: Милка Масникоса/ Митко Чешларов
одобрил: Елизабета Тодоровска, Државен секретар